# ИЗВЕШТАЈ ОД ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ НА ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ЗА ПЕРИОД 01.01.-31.12.2014

ФЗОМ

## Резиме

***Финансиските контролори како дел од Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамки на Фондот за здравствено осигурување во текот на 2014 година изврши вкупно 593 контроли на јавните здравствени установи во Македонија.***

***Согласно Годишниот план за финансиски контроли извршени се 537 контроли (целосни финансиски и квартални контроли) и 56 наменски контроли.***

***Планот за 2014 година е надминат за 10,42 %.***

***При контрола на начинот на фактурирање на здравствени услуги во јавните здравствени установи констатирано е намалување на процентот на грешно фактурирани пресметки од 2,30% во четврт квартал 2013 на 2,09% во прв квартал 2014 година.***

***Во текот на целосните финансиски контроли кај одредени ЈЗУ е констатирано подобрување, додека во одредени е констатирано влошување. Во текот на финансиските контроли во првото полугодие од 2014 година поголемо внимание се посвети на контролата на начинот на спроведување на постапките за јавни набавки.***

***Од контролите констатиран е зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола и реализација на договорите, укажување за начинот на чување на финансиската документација во просториите на здравствените установи итн.***

***За констатираните состојби во ЈЗУ, финансиската контрола даде препораки со цел да се надминат во наредниот период.***

***Поради воведување на електронскиот начин на доставување фактура за извршени здравствени услиги од страна на ЈЗУ, финасиската контрола даде насоки на ЈЗУ за спроведување на оваа новина.***

# I. Вовед

Финансиската контрола во јавните здравствени установи (во понатамошниот текст: ЈЗУ) се спроведува во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на РМ бр.90/2009), во согласност со членот 68 став 2 и член 71 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, како и согласно одредбите од договорите за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита склучени помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фондот) и ЈЗУ.

# II. Цел на финансиската контрола




Финансиската контрола, како задолжителен сегмент од јавната финансиска контрола врши финансиска и буџетска контрола во јавните здравствени установи. Целта на контролата е проверка на точноста на сите документи кои се однесуваат на финансиските активности, како и создавањето на побарувањата, приходите, обврските и расходите и да ја оцени нивната усогласеност со законите, подзаконските и интерните акти, одлуки и договори, пред и по нивно извршување. На овој начин се контролира економичноста во работењето, наменското трошење на средствата на ЈЗУ и начинот на фактурирање на здравствените услуги.

Контролата обезбедува проток на информации од Фондот кон ЈЗУ и обратно. Со контролите се постигнува и едукативна функција со која ЈЗУ се стекнуваат со сознанија за корекција на неправилностите во делот на финансиските активности.

## III. Одделение за буџетска и финансиска контрола



Координацијата во процесот на финансиска контрола на ЈЗУ ја врши Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамките на Сектор за финансиски прашања при Фондот. Контролата ја спроведуваат 17 овластени финансиски контролори, дипломирани економисти, распоредени во централната и подрачните служби (во понатамошниот текст ПС) на Фондот и тоа:

| Организациона единица | број на контролори |
|---|---|
| Централна служба | 4 |
| Скопје | 3 |
| Тетово | 1 |
| Гостивар | 1 |
| Струга | 1 |
| Охрид | 1 |
| Битола | 1 |
| Прилеп | 1 |
| Велес | 1 |
| Струмица | 1 |
| Кочани | 1 |
| Куманово | 1 |
| **Вкупно контролори** | 17 |

## IV. Видови финансиска контроли

Финансиските контроли се делат на:

- редовни контроли кои реализираат согласно Годишен план за финансиска контрола и
- контроли со посебна намена

Планот на финансиски контроли за 2014 година предвидуваше 69 целосни финансиски контроли, 447 контроли за начинот на фактурирање на извршени здравствени услуги од страна на јавните здравствени установи, 14 контроли за начинот на фактурирање на извршени услуги од специјалистичко-консултативна дејност во приватни здравствени установи (ПЗУ) и 7 контроли по препораки од претходна целосна финансиска контрола т.е. вкупно 537 контроли.

Во 2014 година, согласно усвоениот Годишен план за финансиски контроли од страна на финансиските контролори беа извршени 69 редовни финансиски контроли. Во истиот период, финансиските контролори спроведоа и 447 контроли на фактури за извршени здравствени услуги во ЈЗУ, 14 контроли за начинот на фактурирање на извршени услуги од специјалистичко-консултативна дејност во ПЗУ, 7 контроли по препораки од претходна целосна финансиска контрола и 56 наменски контроли. Вкупниот број на извршени финансиски контроли во 2014 година изнесува 593 контроли.

**Со тоа, процентот на реализацијата на годишниот план е 110,43 %**.

Реализираните контроли по видови се презентирани во следнава табела:

| ред бр. | Вид на контрола | број на извршени контроли |
|---|---|---|
| **1** | **Контроли предвидени согласно Годишен план за финансиски контроли** | ***537*** |
| **1.1** | *Целосни финансиски контроли на ЈЗУ* | 69 |
| **1.2** | *Квартални контроли на фактури од ЈЗУ* | 447 |
| **1.3** | *Контроли за начинот на фактурирање на извршени услуги од специјалистичко-консултативна дејност во ПЗУ* | 14 |
| **1.4** | *Контроли по препораки од претходна целосна финансиска контрола* | ***7*** |
| **1.4.1** | ЈЗУ Клиника за детски болести – Скопје | *2* |
| **1.4.2** | ЈЗУ Клиника за инфективни болести - Скопје | *1* |
| **1.4.3** | ЈЗУ Здравствен дом – Кавадарци | *2* |
| **1.4.4** | ЈЗУ Здравствен дом - Крива Паланка | *1* |
| **1.4.5** | ЈЗУ Општа болница – Дебар | *1* |
| **2** | **Наменски контроли** | **56** |
| **2.1** | ***Бањи*** *- Увид во евиденцијата и фактурирање на здравствените услуги на лица, контрола на пресметување и наплатување на учеството на осигурените и средства, во цената на здравствените услуги и лекови и контрола на другите обврски од Договорот склучен со Фондот, за периодот јануари – декември 2013 година* | *4* |

| ред бр. | Вид на контрола | број на извршени контроли |
|---|---|---|
| **2.2** | ***ЈЗУ Завод за нефрологија - Струга*** *- предмет на контролата:*<br>• *лекувањето на пациентите на кои се пружа услугата хемодијализен третман кај хронична инсуфициенција во ЈЗУ за Нефрологија – Струга,*<br>• *правен акт по кој се врши хемодијализен третман на странски пациенти,*<br>• *попис на апаратите и утврдување на фактичката бројна состојба на истите,*<br>• *број на пациентите кои се сместени стационарно и дали има амбулантски пациенти,*<br>• *дали пациентите на кои се пружа услугата хемодијализен третман се осигуреници на Фондот и*<br>• *контрола на јавните набавки на апаратите за хемодијализа.* | *1* |
| **2.3** | ***ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“-Охрид*** *- увид во евиденцијата и начинот на фактурирање на здравствени услуги на осигурените лица сместени во ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“-Охрид во сегментот за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување; контрола на начинот на пресметка и наплата на учество на осигурените лица со лични средства во цената на здравствените услуги и лековите и контрола на други договорни обврски од Договорот склучен со Фондот, за периодот јануари – декември 2013 година* | *1* |
| **2.4** | ***ЈЗУ Здравствен дом - Тетово*** *– контрола на начинот на спроведување на постапките за јавни набавки* | *1* |
| **2.5** | ***ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести Скопје*** *– контрола на начинот на спроведување на постапките за јавни набавки* | *1* |
| **2.6** | ***ЈЗУ Здравствен дом - Кичево*** *– контрола на обврски и долгови на ЈЗУ* | *1* |
| **2.7** | ***ЈЗУ Универзитетска клиника онкологија и радиологија*** - увид во евиденцијата на прием и издавање на лекови во ЈЗУ | *1* |
| **2.8** | ***ПЗУ од областа на специјалистичко консултативна дејност*** *– контрола наидентичноста на податоците од електронска фактура и пресметките во печатена форма* | *32* |
| **2.9** | ***Бањи*** *- предмет на контролата беше увид во евиденцијата и фактурирање на здравствени услуги на осигурените лица кои користеле надстандардни услови за сместување при остварување на правото на медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување за периодот мај-октомври 2014 година, како и исполнување на препораките дадени со претходната контрола извршена на 03.04.2014 година* | *3* |
| **2.10** | ***ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија*** *- контрола на распределбата на средства од користење на надстандардни услуги за сместување и нега на пациенти* | *1* |
| **2.11** | ***Контрола на начинот на пресметување и исплата на плати во општи и клинички болници*** | *10* |
| **Вкупно финансиски контроли** | | **593** |

Споредбено со 2013 година, бројот на реализирани контроли по видови, во 2014 година е прикажано во следната табела:

| ред бр. | Вид на контрола | број на извршени контроли во 2013 г. | број на извршени контроли во 2014 г. |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Контроли согласно Годишен план за финансиски контроли** | **492** | **536** |
| **1.1** | *Целосни финансиски контроли на ЈЗУ* | 48 | 69 |
| **1.2** | *Квартални контроли на фактури од ЈЗУ* | 444 | 447 |
| **1.3.** | *Контроли за начинот на фактурирање на извршени услуги од специјалистичко-консултативна дејност во ПЗУ* | / | 14 |
| **1.4** | *Контроли по препораки од целосна финансиска контрола* | / | 7 |
| **2.** | **Наменски контроли** | **160** | **56** |
| | **Вкупно финансиски контроли** | ***652*** | ***593*** |

Од презентираната компарација на бројот на извршени контроли во 2014 и 2013 година, констатирано е намалување од **9,04 %** кое произлегува од бројот на извршени наменски контроли, чии број е поголем во 2013 година, што се должи на спроведената контрола на потрошувачката на инфузиони раствори за 2012 година во 111 ЈЗУ.

Бројот на извршени целосни финансиски контроли во 2014 година во однос на 2013 година е зголемен за 43,75%, а на извршените квартални контроли за три повеќе со вклучувањето на ЈЗУ Здравствена станица - Липково во кварталната контрола на фактури на ЈЗУ.

Во 2014 година се реализираше и контрола на начинот на фактурирање на извршени услуги од специјалистичко-консултативна дејност во 14 ПЗУ и за прв пат се спроведоа 7 контроли на ЈЗУ со најголем број на препораки од претходно извршени целосни финансиски контроли.

## V. Реализација по видови на контроли

### 1. Целосна финансиска контрола

Целосната финансиска контрола има за цел контрола и анализа на финансиското работење на ЈЗУ. Таа подразбира контрола на:

- усогласеноста на планските документи со законската регулатива (Годишен финансиски план и Годишен план за јавни набавки)
- усогласеност на планските документи со буџетот на ЈЗУ

- постапки за јавни набавки и усогласеност на договорите со понудите од економските оператори како и начинот на фактурирање и плаќање на обврските по основ на договорите од јавни набавки
- сметководствена евиденција
- контрола на состојбата на побарувања, обврски и долгови
- контрола на состојбата на парични средства во благајна и на сметка
- наплата на сопствени приходи и партиципација
- остварување на приходи по програми на Министерство за здравство
- ниво на залихи на медицински материјал и лекови
- договори склучени со други ЈЗУ за сервисни услуги
- контрола на начинот на фактурирање и искажување на услугите во документите за плаќање до Фондот

Согласно Годишниот план за финансиски контроли, во текот на 2014 година се реализирани 69 (шеесет и девет) целосни финансиски контроли со што планот е целосно исполнет.

Во рамките на извршените 69 контроли, споредбено со 2013 година, контролирани се:

| Вид на ЈЗУ | број на контролирани ЈЗУ во 2013 г. | број на контролирани ЈЗУ во 2014 г. |
|---|---|---|
| Универзитетски клиники | 20 | 11 |
| Клинички, општи болници и специјални болници | 16 | 9 |
| Здравствени домови и здравствени станици | 8 | 29 |
| Институти, заводи и Центри за јавно здравје | 4 | 20 |
| **Вкупно:** | **48** | **69** |

Од вкупно контролирани 69 ЈЗУ во 2014 година, 29 ЈЗУ спаѓаат во групата неодржливи ЈЗУ и тоа:

1. **УК клиника за пулмологија и алергологија– Скопје;**
2. **УК за дерматологија – Скопје;**
3. **УК за психијатрија – Скопје;**
4. **Здравствен дом - Тетово;**
5. **Здравствен дом – Демир Хисар;**
6. **Здарвствен дом – Кичево;**
7. **Здравствен дом – Кочани;**
8. **Здравствен дом – Битола;**
9. **Здравствен дом – Делчево;**
10. **Институт за транфузиона медицина – Скопје;**
11. **Здравствен дом – Пехчево;**
12. **Здравствен дом – Ростуше;**
13. **Здравствен дом – Валандово;**
14. **Здравствен дом – Струга;**
15. **Здравствена станица - Липково;**

16. **Здравствен дом – Кратово;**
17. **Здравствен дом – Берово;**
18. **УК за ендокринолигија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје;**
19. **Општа болница Дебар;**
20. **Институт за медицина на трудот – Скопје;**
21. **Општа болница – Велес;**
22. **Здравствен дом – Дебар;**
23. **Здравствен дом – Кавадарци;**
24. **УК за хируршки болести - Свети Наум Охридски- Скопје;**
25. **Клиничка болница – Битола;**
26. **Општа болница – Гостивар;**
27. **Општа болница – Куманово;**
28. **Клиничка болница – Штип;**
29. **Здравствен дом – Македонски Брод;**

Кај 50 ЈЗУ од вкупно контролирани 69 ЈЗУ е утврдено дека на крајот на 2013 година имаат долгови.

Во текот на 2013 година 17 ЈЗУ реализирале над 90 % од вкупно фактурираните здравствени услуги по Програми од МЗ, од кои 9 ЈЗУ се Здравствени домови, а 8 се Центри за јавно здравје. Пет ЈЗУ реализирале износ од над 80 %, а две над 70 %. Дванаесет реализирале над 60% од вкупно фактурираните побарувања од МЗ во 2013 година, а три Здравствени домови реализирал над 50%. 26 ЈЗУ кај кои во 2014 година е извршена целосна финансиска контрола реализирале под 50% од вкупно фактурираниот износ во 2013 година до МЗ за извршени здравствени услуги. Во книговотствената евиденција на четири ЈЗУ реализацијата на фактурираните побарувања од МЗ во тек на 2013 година е нула.

Со контролите е утврдено дека 4 од 69 ЈЗУ нема донесено Одлука за касов максимум.

Од целосните финансиски контроли кај 53 ЈЗУ се констатира зголемување на обемот на работа и бројот на пациенти во 2013 година споредбено со 2012 година.

Спротивно на оваа констатација кај 15 ЈЗУ од контролираните 69 ЈЗУ е констатирано намалување на обемот на работа и бројот на пациенти во 2013 година споредбено со 2012 година.

Од извршените целосни финансиски контролори на 69 ЈЗУ, констатирано е дека во текот на 2013 година, 56 ЈЗУ имаат ангажирано лица - волонтери, согласно Законот за волонтирање.

Во 32 од контролираните ЈЗУ степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2013 година се движи над 90%, во 13 ЈЗУ над 80%, во 5 ЈЗУ над 70%, во 6 ЈЗУ над 60%, а кај 3 ЈЗУ степенот на наплата на

партиципација е над 50%. Кај 7 од контролираните ЈЗУ степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2013 година е под 35 %. Три од контролираните ЈЗУ не водат евиденција на пресметаната партиципација.

При контрола на постапки за јавни набавки по случаен избор, констатирани се неправилности при спроведувањето на јавните набавки во повеќето јавни здравствени установи и тоа:

- кај 18 од 69 контролирани ЈЗУ нема лице кое е вработено кај договорниот орган, а кое е обучено за вршење на работите од областа на јавните набавки согласно со овој закон и кое има соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки.
- кај 19 ЈЗУ во спроведени постапки за јавни набавки нема Изјави за постоење/непостоење на судир на интереси од членовите на комисијата и/или од одговорното лице.
- Кај 36 ЈЗУ констатирани се набавки без спроведена постапка за набавка, чиј вкупен износ го надминува дозволениот вкупен месечен лимит од 500 евра, во денарска противвредност, без ДДВ.
- кај 39 ЈЗУ не се спроведуваат соодветни постапки за набавки за стоки и услуги иако за истите ЈЗУ има континуирана потреба и нивниот вкупен износ во текот на годината го надминува износот од 500 евра, во денарска противвредност, без ДДВ.
- кај 37 ЈЗУ Одлуката за јавна набавка не е изработена согласно одредбите од Законот за јавни набавки, т.е. не ги содржи елементите пропишани во членот 28 ставови 2 и 3.
- кај 24 контролирани ЈЗУ Одлуката за избор или за поништување не е донесена во утврдениот законски рок, кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, односно пријавите за учество во конкретната постапка, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, односно пријавите за учество.
- Кај 11 ЈЗУ констатирани се случаи кога економскиот оператор фактурира по цени различни од договорени цени во контролираните договори за јавна набавки.

Од контролирани 69 ЈЗУ само 12 во целост ги исполниле препораките од претходната финансиска контрола.

## 2. Контрола на начинот на фактурирање на здравствени услуги од здравствените установи



Започнувајќи од јануари 2014 година здравствените установи кои пружаат здравствени услуги од областа на примарна, специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита (за оние услуги кои не се опфатени со ДСГ системот) документацијата ја доставуваат електронски, преку веб порталот на Фондот, согласно упатствата објавени на веб порталот на Фондот.

Предмет на контрола се фактурите и пропратната документација за извршени здравствени услуги од примарна, специјалистичко – консултативната и болничка здравствена заштита (за оние здравствени услуги кои не се опфатени со ДСГ системот).

Контролата на фактурите и пропратната документација има за цел да се утврди дали начинот на фактурирање на извршените здравствени услуги и содржината на фактурите се во согласност со законските и подзаконските акти како и со правилниците и ценовниците на Фондот со кои е регулиран начинот на фактурирање. Во доменот на контролата се фактурираните здравствени услуги од специјалистичко - консултативната здравствена заштита и дневна болница.

Начинот на контрола на фактурите е дефиниран така што од секоја здравствена установа се контролираат фактурите од последниот квартал. Контролорите ја вршат контролата преку избор на пресметки по пациент по случаен избор. Во текот на процесот на следење на фактури на ЈЗУ кои пружаат здравствени услуги од специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита се контролираат **најмалку 15% од доставените пресметки** со тоа што треба да бидат опфатени пресметки од сите дејности од една ЈЗУ. Исклучок од ова правило се документите за плаќање од ЈЗУ кои доставиле месечна фактура во чиј прилог бројот на пресметки е поголем од 5.000 кај кои е потребно да се контролираат најмалку 300 пресметки од тековниот месец за таа установа. Исто така исклучок се и фактурите на ЈЗУ во чиј прилог има вкупен број на пресметки

кој е помал од 300 пресметки каде е потребно да бидат контролирани сите доставени пресметки во тековниот месец за дадената установа.

Контролата на фактурите согласно Годишниот план за финансиска контрола започна да се имплементира од 01.01.2014 година и до крајот на 2014 година беа извршени 447 контроли на фактури.

Заклучно со 31.12.2014 година контролирани се 539.490 пресметки. Од вкупниот број на контролирани пресметки констатирани се неправилности во начинот на фактурирање во 12.913 пресметки.

Најзначајни неправилности кои се констатирани во процесот на фактурирање кај контролираните установи се:

- ❖ Фактурирање на два пакети кои согласно Упатството за фактурирање на пакети за завршени епизоди на лекување во специјалистичко – консултативна здравствена заштита, не смеат да се комбинираат во една пресметка;

- ❖ Фактурирање на лекови со повисока цена од набавната цена во случај кога набавната цена е пониска од референтната цена што е спротивно на Упатството за фактурирање на пакети за завршени епизоди на лекување во специјалистичко – консултативна здравствена заштита;

- ❖ Фактурирање на партиципација до Фондот која согласно програмите на Министерството за здравство треба да биде побарувана од министерството;

- ❖ Пресметки за извршени здравствени услуги во кои недостасуваат потребните податоци (пр. пресметки без потпис на осигуреното лице, без потпис и факсимил на лекар, без број на лекарски дневник итн.);

- ❖ Пресметки за извршени здравствени услуги во кои не е приложен упат или е приложен невалиден упат;

- ❖ Неправилна примена на пакетите за Дневна болница.

Анализата на добиените податоци доставени од страна на контролорите е презентирана во следниот графички приказ:




Од графичкиот и табеларниот приказ може да се увиди дека најголем е бројот на оние пресметки кои се грешно фактурирани по останати основи. Најчести неправилности во овие пресметки се:

- Пресметки без факсимил и / или потпис на доктор
- Пресметки кои не се во прилог на спецификација
- Пресметки во кои пресметаната партиципација за осигуреници кои се ослободени од плаќање по основ на Програми од Министерство за здравство, не е намален од фактурираниот износ до Фондот
- Пресметки без доказ за ослободување од партиципација
- Пресметки во кои се фактурираат сервисни услуги итн.

Табеларно, констатациите и резултатите од контролите се презентирани во засебен дел од извештајот даден во Прилог бр.1 на овој извештај.

Од прикажаните податоци во прилог на извештајот, можат да се издвојат следниве сумирани податоци за процент на неисправни пресметки во последните четири квартали по видови на ЈЗУ:

| р. бр. | видови здравствени установи | број на контролирани неисправни пресметки во IV квартал 2013 | | | број на контролирани неисправни пресметки во I квартал 2014 | | | број на контролирани неисправни пресметки во II квартал 2014 | | | број на контролирани неисправни пресметки во III квартал 2014 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вк. контрол. во IV квартал 2013 | вк. неиспр. во IV квартал 2013 | % на неиспр. во IV квартал 2013 | вк. контрол. во I квартал 2014 | вк. неиспр. во I квартал 2014 | % на неиспр. во I квартал 2014 | вк. контрол. во II квартал 2014 | вк. неиспр. во II квартал 2014 | % на неиспр. во II квартал 2014 | вк. контрол. во III квартал 2014 | вк. неиспр. во III квартал 2014 | % на неиспр. во II квартал 2014 |
| 1 | универзитетски клиники | 29.621 | 1.252 | 4,23% | 26.005 | 873 | 3,36% | 26.740 | 1.980 | 7,40% | 25.641 | 1.429 | 5,57% |
| 2 | општи болници | 54.339 | 1.059 | 1,95% | 57.766 | 732 | 1,27% | 53.120 | 886 | 1,67% | 52.007 | 1.386 | 2,67% |
| 3 | здравствени домови | 39.870 | 360 | 0,90% | 39.629 | 897 | 2,26% | 37.905 | 471 | 1,24% | 35.067 | 433 | 1.23% |
| 4 | центри за јавно здравје и институти | 16.567 | 554 | 3,34% | 15.803 | 405 | 2,56% | 14.777 | 89 | 0,60% | 14.564 | 107 | 0.73% |
| | вкупно за ЈЗУ | 140.397 | 3.225 | 2,30% | 139.203 | 2.907 | 2,09% | 132.542 | 3.426 | 2,58% | 127.279 | 3.355 | 2.67% |

Од анализата може да се констатира дека фактурите на ЈЗУ забележуваат тренд на благо зголемување на број на грешки и неправилности во вториот и третиот квартал од 2014 година. Процентот на грешки во четврт квартал од 2,30% се намалил на 2,09% во првиот квартал од 2014 година, а потоа од 2,09% во првиот квартал од 2014 година се зголемил на 2,58% во втор квартал 2014 година и 2,67% во трет квартал 2014 година.

На следниот графикон е прикажан трендот на намалување на грешки во процесот на фактурирање:




Процентот на грешки по видови од анализираниот период на јавни здравствени установи е прикажан во следниот графикон:




Доколку се споредат процентите на неисправни пресметки во четвртиот квартал 2013 година и прв квартал 2014 година по видови на ЈЗУ, може да се констатира дека процентот на грешки во прв квартал 2014 година е намален во однос на четвртиот квартал 2013 година кај сите видови на ЈЗУ, освен кај здравствените домови каде има мало зголемување на процентот на грешки во првиот квартал 2014 во однос на четвртиот квартал 2013 година за 1,36%.

Со понатамошните контроли на пресметките во втор квартал 2014 година се нотира зголемување на процентот на грешки во однос на првиот квартал од 2014 година и тоа за 0,49 %. Најголемо зголемување на грешките се забележува кај Универзитетските клиники во износ од 4,04 %, што не е случај со Центрите за јавно здравје и институтите кај кој се бележи намалување на евидентираните грешки за 2,5 %. Контролите на фактурите за трет квартал 2014 година покажаа тренд на повторно зголемување од 0,09 % со констатирано зголемување кај Општите болници и Центрите за јавно здравје и институтите во однос на втор квартал 2014 година.

Од вкупно 112 контролирани ЈЗУ кои пружаат услуги од специјалистичко – консултативна дејност, во периодот јули – септември 2014 година во однос на периодот април – јуни 2014 кај 38 е констатирано (поголемо или помало) влошување односно зголемување на процентот на неисправни пресметки во трет квартал 2014 година во однос на втор квартал 2014 година, кај 31 ЈЗУ процентот на неисправни пресметки во третиот квартал 2014 година е на исто ниво како и во вториот квартал 2014 година, а кај останатите 40 ЈЗУ е констатирано подобрување. Сепак точноста на оваа анализа зависи и од начинот на контрола кој е базиран на пресметки избрани по случаен примерок.

Резултати од контролата во периодот октомври – декември 2013 година и јануари - септември 2014 година се:

- ❖ дадени се напатствија за правилен начин за фактурирање до 112 јавни здравствени установи;
- ❖ во континуитет ЈЗУ добиваат информации за измени и дополнувања на постоечкиот ценовник на пакети и здравствени услуги;
- ❖ врз основа на увидот и констатациите во записниците од контрола се детектирани недоследности во правните акти и правилниците на Фондот и иницирана е нивна измена и дополнување.

## 3. Наменски контроли



Наменските контроли се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот, по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции, и како такви не се дел од Годишниот план за финансиски контроли.

Наменските контроли кои се извршени во периодот 01.01.2014 – 31.12.2014 година се презентирани во следната табела:

| Контролирани здравствени установи и цел на наменската контрола | Број на контроли |
|---|---|
| ***<u>Бањи</u>*** *- Увид во евиденцијата и фактурирање на здравствените услиги на осигурените лица, контрола на пресмесметување и наплатување на учеството на осигурените лица со лични средства, во цената на здравствените услуги и лекови и контрола на другите договорни обврски од Договорот склучен со Фондот, за периодот јануари – декември 2013 година* | *4* |

| Контролирани здравствени установи и цел на наменската контрола | Број на контроли |
|---|---|
| ***<u>ЈЗУ Завод за нефрологија Струга</u>*** *- предмет на контролата:*<br>• *лекувањето на пациентите кои се дијализираат во ЈЗУ за Нефрологија – Струга,*<br>• *правен акт по кој се врши дијализа на странски пациенти,*<br>• *попис на апаратите и утврдување на фактичката бројна состојба на истите,*<br>• *број на пациентите кои се сместени стационарно и дали има амбулантски пациенти,*<br>• *конрола на пациентите т.е. дали се осигуреници на Фондот и*<br>• *контрола на јавните набавки на апаратите за хемодијализа.* | *1* |
| ***<u>Специјална болница за Еразмо Охрид</u>*** *- увид во евиденцијата и фактурирање на здравствени услуги на осигурените лица сместени во ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“-Охрид во сегментот за специјализирана медицинска рехабилитација како продожено болничко лекување, контрола на пресметување и наплата на учество на осигурените лица со лични средства во цената на здравствените услуги и лековите и контрола на други договорни обврски од Договорот склучен со Фондот, за периодот јануари –декември 2013 година.* | *1* |
| ***<u>ЈЗУ Здравствен дом Тетово</u>*** *– контрола на јавни набавки* | *1* |
| ***<u>ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести Скопје</u>*** *– контрола на јавни набавки* | *1* |
| ***<u>ЈЗУ Здравствен дом Кичево</u>*** *– контрола на обврски и долгови на ЈЗУ* | *1* |
| ***<u>ЈЗУ Универзитетска клиника за онкологија и радиологија Скопје</u>*** - увид во евиденцијата на прием и издавање на лекови во ЈЗУ | *1* |
| ***<u>ПЗУ од областа на специјалистичко консултативна дејност</u>*** *– контрола наидентичноста на податоците од електронска фактура и пресметките во печатена форма* | *32* |
| ***<u>Бањи</u>*** *- предмет на контролата беше увид во евиденцијата и фактурирање на здравствени услуги на осигурените лица кои користеле надстандардни услови за сместување при остварување на правото на медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување за периодот мај-октомври 2014 година, како и исполнување на препораките дадени со претходната контрола извршена на 03.04.2014 година* | *3* |
| ***<u>ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија</u>*** *–* ***<u>Скопје</u>*** *- контрола на распределбата на средства од користење на надстандардни услуги за сместување и нега на пациенти* | *1* |
| ***<u>Контрола на начинот на пресметување и исплата на плати во ЈЗУ</u>*** | *10* |
| **Вкупно финансиски контроли** | **592** |

## VI. Заклучок




Финансиската контрола на Фондот во текот на 2014 година успешно ги изведе поставените задачи и ги реализира активностите предвидени со Годишниот план за финансиски контроли.

Резултатите од финансиската контрола се:

- Зголемен степен на одговорност кај менаџментот на контролираните ЈЗУ;
- Подобар увид на ЈЗУ во слабостите на своето финансиско работење кои треба да се отстранат за да се постигне поголема финансиска ликвидност и солвентност;
- Зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола во делот на раководење со постапките за јавни набавки и реализација на договорите, исплатата на обврските според доспевање и без преферерирање на добавувачи, итн.
- Препораките и укажувањата се содржани во извештаите односно записниците од контролите;
- Препораките од контролата на фактурите на ЈЗУ постигнаа ефект на зголемена стручност на персоналот во ЈЗУ за изведување на процесот на фактурирање на здравствени услуги, како и

зголемување на стручноста на лицата кои вршат контрола на фактурите на ЈЗУ во Фондот;

- Контролите на документацијата врз основа на која Фондот врши плаќање на здравствените услуги за своите осигуреници покренаа низа прашања во поглед на актите на Фондот и договорите за ЈЗУ со кои е регулирана проблематиката на фактурирање. Во Фондот беа разгледани проблематични формулации и членови во интерните акти и врз основа на констатациите од контролата на терен беа извршени дополни, измени и прочистување на правилници, како и на Ценовникот на здравствени услуги;

- Искуствата од контролите придонесоа за подобрување на работењето на финансиската контрола. Истите резултираа и со измена во Упатството за финансиска контрола и Упатство за начинот на доставување на извештаи / фактури за извршени здравствени услуги во примарна здравствена заштита во здравствени домови, специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита во сите здравствени установи;

- Препораките и едукацијата доведоа до намалување на процентот на неисправни пресметки и тоа од 2,30% за четврт квартал од 2013 година на 2,09 % за прв квартал од 2014 година.

Март, 2015 година

Изработиле:
Цвете Јовановска
м-р Софче Ристовска

Контролирал:
Снежана Ќовкароска – Шилоска

**Прилог 1:**

**Преглед на број на контролирани пресметки и број на неисправни пресметки за период октомври - декември 2013 и јануари - септември 2014 година**

**Табела бр. 1: Број на контролирани пресметки и констатации / неправилности**

| | Јавна здравствена установа | Вкупен број на контролирани пресметки | Вкупен број на неисправни пресметки | Процент на неисправни пресметки | Број на пресметки со грешно пресметана партиципација | Број на пресметки со погрешно фактурирана реф. цена | Број на пресметки со погрешно избрани пакети / услуги | Број на пресметки без потпис на осигуреникот | Број на пресметки каде не се применуваат пропишаните обрасци за упатување согласно Упатсвото | Лекови кои не се на позитивна листа | Лекови со повисока ц/а од референтната | Неправилна примена на пакетите за ДБ | број на пресметки без упат или со невалиден упат | Број на пресметки без доказ за платен придонес за здр. осигурување | Број на пресметки кои се грешно фактурирани по останати основи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Стоматолошки клинички центар | 8.291 | 403 | 4,86% | 0 | 0 | 172 | 35 | 0 | 0 | 0 | 0 | 76 | 3 | 117 |
| 2 | Максилофацијална хирургија | 2.177 | 92 | 4,23% | 0 | 0 | 7 | 8 | 0 | 0 | 0 | 2 | 16 | 3 | 56 |
| 3 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија | 5.108 | 185 | 3,62% | 4 | 0 | 11 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 65 | 10 | 90 |
| 4 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија | 9.179 | 204 | 2,22% | 0 | 0 | 194 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 6 | 3 |
| 5 | ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија | 5.120 | 501 | 9,79% | 5 | 0 | 168 | 46 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16 | 1 | 265 |
| 6 | ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија | 5.804 | 223 | 3,84% | 0 | 0 | 147 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 44 | 15 | 12 |
| 7 | ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија | 2.421 | 69 | 2,85% | 0 | 0 | 39 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25 |
| 8 | ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентеро-хепатологија | 2.385 | 19 | 0,80% | 0 | 0 | 17 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 9 | ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија | 2.852 | 9 | 0,32% | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| 10 | ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања | 6.815 | 618 | 9,07% | 0 | 0 | 229 | 9 | 0 | 0 | 0 | 11 | 33 | 17 | 319 |
| 11 | ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија | 2.071 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12 | ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија | 3.617 | 34 | 0,94% | 0 | 0 | 6 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 0 | 19 |
| 13 | ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија | 2.270 | 17 | 0,75% | 0 | 0 | 0 | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 |
| 14 | ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести | 6.558 | 461 | 7,03% | 0 | 13 | 441 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 3 |

| | Јавна здравствена установа | Вкупен број на контролирани пресметки | Вкупен број на неисправни пресметки | Процент на неисправни пресметки | Број на пресметки со грешно пресметана партиципација | Број на пресметки со погрешно фактурирана реф. цена | Број на пресметки со погрешно избрани пакети / услуги | Број на пресметки без потпис на осигуреникот | Број на пресметки каде не се применуваат пропишаните обрасци за упатување согласно Упатсвото | Лекови кои не се на позитивна листа | Лекови со повисока ц/а од референтната | Неправилна примена на пакетите за ДБ | број на пресметки без упат или со невалиден упат | Број на пресметки без доказ за платен придонес за здр. осигурување | Број на пресметки кои се грешно фактурирани по останати основи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби | 4.567 | 504 | 11,04% | 2 | 0 | 63 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 27 | 393 |
| 16 | ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија | 2.050 | 1 | 0,05% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 17 | ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија | 4.427 | 10 | 0,23% | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 |
| 18 | ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија | 1.769 | 43 | 2,43% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 42 |
| 19 | ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија | 1.013 | 7 | 0,69 % | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 |
| 20 | ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија | 1.758 | 7 | 0.40% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 |
| 21 | ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија | 1.143 | 7 | 0,61% | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 0 |
| 22 | ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија | 2.457 | 3 | 0,12% | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 23 | ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија | 1.359 | 14 | 1,03% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 12 |
| 24 | ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло | 3.140 | 6 | 0,19% | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| 25 | ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести | 3.605 | 1 | 0.03% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| 26 | ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | 6.152 | 168 | 2,73% | 0 | 1 | 38 | 15 | 4 | 0 | 0 | 0 | 1 | 4 | 105 |
| 27 | ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија | 2.365 | 3 | 0,13% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 |
| 28 | ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје | 1.234 | 9 | 0,73% | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 |
| 29 | ЈЗУ Ургентен центар, трауматологија,ортопедија и карил | 6.300 | 1.916 | 30,41% | 0 | 0 | 216 | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17 | 0 | 1.670 |
| **Вкупно за Универзитетски клиники:** | | 108.007 | 5.534 | 5,12% | 11 | 14 | 1.766 | 172 | 4 | 0 | 0 | 13 | 310 | 95 | 3.149 |

| | Јавна здравствена установа | Вкупен број на контролирани пресметки | Вкупен број на неисправни пресметки | Процент на неисправни пресметки | Број на пресметки со грешно пресметана партиципација | Број на пресметки со погрешно фактурирана реф. цена | Број на пресметки со погрешно избрани пакети / услуги | Број на пресметки без потпис на осигуреникот | Број на пресметки каде не се применуваат пропишаните обрасци за упатување согласно Упатсвото | Лекови кои не се на позитивна листа | Лекови со повисока ц/а од референтната | Неправилна примена на пакет за ДБ | број на пресметки без упат или со невалиден упат | Број на пресметки без доказ за платен придонес за здр. осигурување | Број на пресметки кои се грешно фактурирани по останати основи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30 | Клиничка болница-Битола | 23.882 | 576 | 2,41% | 0 | 0 | 47 | 31 | 0 | 0 | 0 | 0 | 438 | 4 | 56 |
| 31 | Општа болница-Гевгелија | 6.302 | 48 | 0,76% | 0 | 0 | 11 | 1 | 0 | 0 | 0 | 26 | 9 | 0 | 1 |
| 32 | Општа болница-Гостивар | 8.530 | 106 | 1,24% | 0 | 0 | 3 | 69 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 20 | 7 |
| 33 | Општа болница-Дебар | 4.167 | 71 | 1,70% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 67 |
| 34 | Општа болница-Кавадарци | 16.996 | 264 | 1,55% | 0 | 0 | 4 | 85 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 8 | 157 |
| 35 | Општа болница-Кичево | 9.736 | 37 | 0,38% | 0 | 0 | 12 | 17 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 3 |
| 36 | Општа болница-Кочани | 6.764 | 66 | 0,98% | 1 | 0 | 52 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11 | 0 |
| 37 | Општа болница-Куманово | 5.962 | 119 | 2,00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 | 109 |
| 38 | Општа болница-Охрид | 16.884 | 701 | 4,15% | 0 | 0 | 358 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 342 |
| 39 | Општа болница-Прилеп | 20.209 | 574 | 2.84% | 0 | 0 | 0 | 436 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17 | 36 | 85 |
| 40 | Општа болница-Струга | 11.578 | 40 | 0,35% | 0 | 0 | 3 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 | 2 | 18 |
| 41 | Општа болница-Струмица | 9.708 | 64 | 0,66% | 1 | 0 | 28 | 0 | 0 | 0 | 2 | 13 | 6 | 5 | 9 |
| 42 | Клиничка болница-Тетово | 5.287 | 23 | 0.44% | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 20 |
| 43 | Општа болница-Велес | 15.232 | 43 | 0.28% | 0 | 0 | 18 | 10 | 0 | 0 | 0 | 12 | 1 | 0 | 2 |
| 44 | Клиничка болница-Штип | 14.460 | 129 | 0,89% | 0 | 0 | 3 | 22 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24 | 79 | 1 |
| 45 | Градска болница 8 Септември | 5.730 | 11 | 0,19% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 9 |
| 46 | Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје | 7.843 | 753 | 9,60% | 91 | 0 | 274 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16 | 72 | 294 |
| 47 | Специјална болница по гинекологија и акушерство-Чаир-Скопје | 3.007 | 1 | 0,03% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 48 | Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје | 4.438 | 131 | 2,95% | 0 | 0 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 1 | 114 |
| 49 | Психијатриска болница-Скопје | 2.400 | 19 | 0.79% | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 | 2 | 5 |
| 50 | Психијатриска болница-Демир Хисар | 3.899 | 15 | 0,38% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11 | 4 | 0 |
| 51 | Психијатриска болница-Негорци | 2.853 | 4 | 0,14% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 |
| 52 | Болница Јасеново-Велес | 2.070 | 263 | 12,71% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 263 | 0 | 0 |
| 53 | Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид | 5.636 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 54 | Институт за ТБЦ-Скопје | 3.659 | 5 | 0,14% | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Вкупно за болници:** | 217.232 | 4.063 | 1.87% | 93 | 0 | 833 | 687 | 0 | 0 | 2 | 51 | 847 | 251 | 1.299 |
| 55 | Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје | 2.228 | 2 | 0.09% | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |

| | Јавна здравствена установа | Вкупен број на контролирани пресметки | Вкупен број на неисправни пресметки | Процент на неисправни пресметки | Број на пресметки со грешно пресметана партиципација | Број на пресметки со погрешно фактурирана реф. цена | Број на пресметки со погрешно избрани пакети / услуги | Број на пресметки без потпис на осигуреникот | Број на пресметки каде не се применуваат пропишаните обрасци за упатување согласно упатсвото | Лекови кои не се на позитивна листа | Лекови со повисока ц/а од референтната | Неправилна примена на пакетите за ДБ | број на пресметки без упат или со невалиден упат | Број на пресметки без доказ за платен придонес за здр. осигурување | Број на пресметки кои се грешно фактурирани по останати основи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 56 | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола | 2.599 | 4 | 0,15% | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 |
| 57 | Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид | 3.638 | 0 | 0.00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 58 | Завод за рехабилитација-Отешево | 1.547 | 3 | 0.19% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| 59 | Геронтолошки завод-Скопје | 3.478 | 16 | 0,46% | 0 | 0 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 |
| 60 | Завод за нефрологија-Струга | 9.081 | 64 | 0,70% | 0 | 0 | 21 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 31 |
| 61 | Специјална болница за ТБЦ Лешок-Тетово | 2.909 | 6 | 0,21% | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 |
| 62 | Здравствен дом-Битола | 4.092 | 7 | 0,17% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 6 |
| 63 | Здравствен дом-Гевгелија | 2.952 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 64 | Здравствен дом-Гостивар | 8.927 | 64 | 0,72% | 0 | 0 | 21 | 30 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 10 | 2 |
| 65 | Здравствен дом - Дебар | 1.830 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 66 | Здравствен дом-Кавадарци | 2.920 | 7 | 0,24% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 5 |
| 67 | Здравствен дом-Кичево * | | | | | | | | | | | | | | |
| 68 | Здравствен дом-Кочани | 295 | 134 | 45,42% | 0 | 0 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 124 |
| 69 | Здравствен дом-Крива Паланка | 5.520 | 228 | 4,13% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 228 |
| 70 | Здравствен дом-Куманово | 2.280 | 15 | 0,66% | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13 | 0 | 1 |
| 71 | Здравствен дом-Охрид * | | | | | | | | | | | | | | |
| 72 | Здравствен дом-Прилеп | 6.114 | 1.27 | 2,08% | 0 | 0 | 0 | 67 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21 | 27 | 12 |
| 73 | Здравствен дом-Струга * | | | | | | | | | | | | | | |
| 74 | Здравствен дом-Струміца | 2.289 | 75 | 3,28% | 0 | 0 | 33 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 42 |
| 75 | Здравствен дом-Тетово | 2.400 | 60 | 2,50% | 60 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 76 | Здравствен дом-Велес | 5.447 | 80 | 1,47% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80 | 0 |
| 77 | Здравствен дом-Штип | 3.394 | 6 | 0,18% | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 78 | Здравствен дом-Берово | 2.739 | 6 | 0,22% | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 79 | Здравствен дом-Македонски Брод | 4.311 | 4 | 0,09% | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| 80 | Здравствен дом-Валандово | 3.302 | 883 | 26,74% | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 881 |
| 81 | Здравствен дом-Вевчани | 2.316 | 15 | 0,65% | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 4 |
| 82 | Здравствен дом-Виница | 4.420 | 9 | 0,20% | 0 | 0 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 83 | Здравствен дом-Делчево | 6.714 | 6 | 0,09% | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 |
| 84 | Здравствен дом-Демир Хисар | 3.314 | 145 | 4,38% | 0 | 0 | 0 | 129 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12 | 4 |
| 85 | Здравствен дом-Кратово | 3.235 | 3 | 0,09% | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 86 | Здравствен дом-Крушево | 5.377 | 24 | 0,45% | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 19 |
| 87 | Здравствен дом-Неготино | 3.072 | 27 | 0,88% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 26 | 0 | 1 |
| 88 | Здравствен дом-Пехчево | 2.180 | 6 | 0,28% | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 89 | Здравствен дом-Пробиштип | 2.999 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | Јавна здравствена установа | Вкупен број на контролирани пресметки | Вкупен број на неисправни пресметки | Процент на неисправни пресметки | Број на пресметки со грешно пресметана партиципација | Број на пресметки со погрешно фактурирана реф. цена | Број на пресметки со погрешно избрани пакети / услуги | Број на пресметки без потпис на осигуреникот | Број на пресметки каде не се применуваат пропишаните обрасци за упатување согласно Упатсвото | Лекови кои не се на позитивна листа | Лекови со повисока ц/а од референтната | Неправилна примена на пакетите за ДБ | број на пресметки без упат или со невалиден упат | Број на пресметки без доказ за платен придонес за здр. осигурување | Број на пресметки кои се грешно фактурирани по останати основи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 90 | Здравствен дом-Радовиш | 4.468 | 27 | 0,60% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23 | 4 | 0 |
| 91 | Здравствен дом-Ресен | 7.381 | 0 | 0.00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 92 | Здравствен дом-Ростуше | 950 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 93 | Здравствен дом-Свети Николе | 4.330 | 1 | 0,02% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 94 | Здравствен дом-Скопје | 8.207 | 83 | 1,01% | 0 | 0 | 1 | 54 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 19 | 1 |
| 95 | Здравствен дом-Железничар | 4.766 | 16 | 0,34% | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 |
| 96 | Здравствена станица-Кирил и Методиј | 447 | 3 | 0,67% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 |
| 97 | Здравствена станица-Железара | 3.888 | 5 | 0,13% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| 98 | Здравствена станица - Липково | 184 | 0 | 0.00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно за здравствени домови:** | | 152.540 | 2.161 | 1.42% | 60 | 0 | 131 | 304 | 0 | 0 | 0 | 0 | 112 | 167 | 1.387 |
| 99 | Медицински факултет – Институти - Скопје | 16.531 | 44 | 0,27% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 33 | 0 | 11 |
| 100 | Институт за трансфузиона медицина - Скопје | 8.540 | 384 | 4,50% | 0 | 0 | 7 | 78 | 0 | 0 | 0 | 0 | 180 | 29 | 90 |
| 101 | Институт за јавно здравје на Република Македонија | 2.654 | 10 | 0,38% | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 5 |
| 102 | Центар за јавно здравје-Битола | 4.150 | 45 | 1,08% | 0 | 0 | 0 | 21 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 9 | 11 |
| 103 | Центар за јавно здравје-Велес | 3.745 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 104 | Центар за јавно здравје-Кочани | 2.660 | 1 | 0,04% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| 105 | Центар за јавно здравје-Прилеп | 3.136 | 21 | 0,67% | 0 | 0 | 0 | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 4 |
| 106 | Центар за јавно здравје-Куманово | 1.734 | 24 | 1,38% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20 | 0 | 4 |
| 107 | Центар за јавно здравје-Скопје | 1.667 | 61 | 3.66% | 0 | 0 | 4 | 31 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 0 | 19 |
| 108 | Центар за јавно здравје-Струмица | 1.283 | 3 | 0.23% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| 109 | Центар за јавно здравје-Тетово | 3.440 | 11 | 0,32% | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 5 |
| 110 | Центар за јавно здравје-Штип | 2.730 | 1 | 0.04% | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 111 | Центар за јавно здравје-Охрид | 4.709 | 0 | 0.00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 111 | Институт за Медицина на трудот | 4.732 | 550 | 11,62% | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 540 |
| **Вкупно за Центри за јавно здравје и институти:** | | 61.711 | 1.155 | 1,87% | 0 | 0 | 11 | 153 | 0 | 0 | 0 | 0 | 251 | 48 | 692 |
| **ВКУПНО ЈЗУ:** | | 539.490 | 12.913 | 2,39% | 164 | 14 | 2.741 | 1.316 | 4 | 0 | 2 | 64 | 1.520 | 561 | 6.527 |

*Во ЈЗУ не се врши специјалистичко – консултативна здравствена дејност